# LEGAL REGULATION OF THE MARKET CONCENTRATIONS OF THE COMPANIES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Sasha Dukoski**
Faculty of Law- University „Sv Kliment Ohridski„ Republic of Macedonia
sasadukoski@hotmail.com
**Svetlana Veljanovska**
Faculty of Law- University „Sv Kliment Ohridski„ Republic of Macedonia
svetlana.veljanoska@uklo.edu.mk

**Abstract:**The right to competition is a specific and dynamic branch of law that represents the point of meeting the economic and legal science. The main aim of the competition law is the protection of market competition and punishing those behaviors and market activities that are aimed at eliminating competition. This, for its part, regulates three important domains: agreements and practices that restrict competition, abuse of a dominant position on a particular market and control of concentrations of enterprises in order to preserve the competitive structure of the markets. The market competition is the basic prerequisite for the existence of a modern market economy that is based on the principle of competition between market participants in attracting as many consumers as possible through the price, quality and other characteristics of the products and services that they offer.
**Keywords**: Competition, concentration, commission, market.

# ПРАВНА РЕГУЛАЦИЈА НА ПАЗАРНИТЕ КОНЦЕНТРАЦИИ НА КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Саша Дукоски**
Faculty of Law- University „Sv Kliment Ohridski„ Republic of Macedonia
sasadukoski@hotmail.com
**Светлана Вељановска**
Faculty of Law- University „Sv Kliment Ohridski„ Republic of Macedonia
svetlana.veljanoska@uklo.edu.mk

**Апстракт:**Правото на конкуренција претставува специфична и динамична гранка на правото која претставува точка на сретнување на економската и правната наука. Основната цел на конкурентското право е заштитата на пазарната конкуренција и казнување на оние однесувања и активности на пазарот кои се насочени кон елиминирање на конкуренцијата. Тоа, од своја страна регулира три битни домени: договори и практики со кои се ограничува конкуренцијата, злоупотребата на доминантна позиција на одреден пазар и контрола на концентрациите на претпријатијата со цел зачувување на конкурентската структура на пазарите. Пазарната конкуренција претставува основен предуслов за постоење на современа пазарна економија која се основа на принципот на натпревар помеѓу пазарните учесници за придобивање на што поголем број на потрошувачи преку цената, квалитетот и други карактеристики на производите и услугите кои ги нудат.
**Клучни зборови:** Конкуренција, концентрација ,комисија , пазар.

## 1.ВОВЕД

### 1.1.РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Правото на конкуренција претставува релативно нова правна гранка во македонскиот правен систем. Со почетокот на деведесеттите години од минатиот век и здобивањето со независност, Р.Македонија се определи за изградба на нов општествено-економски систем и градење на пазарна економија по примерот на западните демократии. Притоа, големо значење во процесот на транзиција кон моделот на западните демократии имаше и Европската Унија со која Р.М. склучи и Договор за стабилизација и асоцијација во 2001 година. Со потпишувањето на оваа спогодба, со членовите 39, 69 и

70 од истата, државата се обврза за развој и примена на сеопфатна регулатива за борба против ограничувањата на конкуренцијата.[181]

Определбата за изградба на современа пазарна економија ја наметнува и потребата од изградба на конзистентна политика за заштита на конкуренцијата. Ваквите заложби се истакнати и во Уставот на РМ каде се гарантираат правото на слободен пазар и конкуренција. Така, во членот 55 стои дека "Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето".

Во 1999 година се донесе првиот закон за заштита на конкуренцијата во Република Македонија - Закон против ограничувањата на конкуренцијата[182], и со тоа се создадоа услови за заштита на пазарната слобода и претприемништвото во државата. Законот стапи во сила во април 2000 година, но "поради сложениот карактер на истиот, некореспондентните решенија со постојните важечки позитивни прописи, и отсуството на позасилени мерки на принуда во спроведувањето на Законот, недоволно се применуваше и не ја постигна својата цел"[183]. Пазарните концентрации за прв пат во рамки на македонскиот правен систем беа обработени токму со овој закон со кој се забрануваа монополските договори, злоупотреба на доминантната позиција на пазарот и деловните концентрации кои доведуваат до значително намалување на конкуренцијата, додека надлежно тело за спроведување на одредбите од овој закон била Монополската управа во рамки на Министерството за економија. Може да се заклучи дека не постоењето на никакво искуство во оваа област, како и наметнувањето на големи ингеренции на тело кое очигледно не било доволно опремено и не поседувало независност во работењето биле едни од главните фактори за перципираната неефикасност на овој закон.

Со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, започнува ерата на современото правно-економско концепирање на правото на конкуренција во Македонија при што македонскиот правен систем комплетно ги пресликува решенијата кои постојат во правото на конкуренција на ЕУ. На овој начин контролата на пазарните концентрации се здобива со една нова институционална рамка која е комплетно пресликана од онаа на Европската Унија. Вистинското градење на систем за регулирање на пазарните концентрации и пазарната конкуренција воопшто, започнува со процесот на интеграција и доближување до Европската Унија при што се имплементираат насоките и решенијата кои постојат во нејзиниот правен систем.

## 2.РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАЗАРНИТЕ КОНЦЕНТРАЦИИ НА КОМПАНИИТЕ СПОРЕД ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Законот за заштита на конкуренцијата ги регулира пазарните концентрации во посебна глава, поточно во Глава III, при што тие спаѓаат во трите видови на нарушувања на конкуренцијата заедно со договорите, практиките и усогласеното однесување и злоупотребата на доминантната положба кои се обработени во посебни глави, при што сите тие се наоѓаат во вториот дел од законот, кој е насловен Нарушувања на конкуренцијата.

Од законските решенија евидентно е дека дефинирањето на концентрациите и критериумите за нејзино известување се во голема мера превземени од страна на правото на Европската Унија, Така, како и со член 3 од важечката регулатива на ЕУ, со член 12, став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата концентрациите се дефинираат како промена на контролата на долгорочна основа, а како резултат на: спојување на две или повеќе претходно независни претпријатија или делови од претпријатија или стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие или едно или повеќе претпријатија, преку купување на хартии од вредност или имот, со договор или на друг начин пропишан со закон. Ваквата дефиниција е целосно превземена од правото на ЕУ, при што во системот на правни документи со кои се потесно се обработуваат статусните промени кои се сметаат за методи за настанување на концентрациите на пазарите е транспонирано и Известувањето на Европската Комисија

---

[181] Секретаријат за европски прашања," *Десет години од спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и за асоцијација"*, 2014 г., страна 7

[182]Македонскиот центар за европско образование ,"*Има ли РМ политика за заштита на конкуренцијата?"*, 2014г., страна 2

[183] Македонскиот центар за европско образование ,"*Има ли РМ политика за заштита на конкуренцијата?"*, 2014г., страна 3

бр. 52008XC0416(08) преку Насоките за поимот концентрација.[184] Во овој документ концентрациите посочени со член 12 од Законот за концентрација се класифицираат во два вида: концентрации кои настануваат со спојување на претходно независни претпријатија и концентрации кои произлегуваат од стекнување на контрола. Спојувањето на независни претпријатија според овој документ се дефинира како спојување на претпријатија во нов правен субјект, припојување на едно претпријатие кон друго или пак создавање на една независна економска целина од страна на повеќе независни субјекти-таканаречено заедничко вложување ( joint venture). Овие Насоки темелно го обработуваат концептот за контрола и средствата со кои таа може да биде постигната:"Преку удели и акции, контрола на договорна основа, како и контрола со други средства со кои се постихнува de facto контролата меѓу кои најкарактеристична е контролата поради економска зависност."[185] Ваквите дефиниции имплицираат дека и превземањето на малцински пакет на акции може да биде разгледувано како превземање на контрола и дека секоја поединечна концентрација треба да биде разгледувана како посебен случај, при што различните околности можат да доведат до различни ефекти и кај случаи кои на прв поглед изгледаат безопасни за конкуренцијата.

Од членот 17 на Законот за заштита на конкуренцијата евидентно е дека РМ го има реплицирано таканаречениот субстантивен тест за намалување на ефективната конкуренција кој е пропишан со Регулативата 139/2004:"Концентрацијата со која значително се нарушува ефективната конкуренција на пазарот или негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците, не е во согласност соодредбите на овој закон".

Во однос на праговите кои се поставени со македонското законодавство, може да се увиди дека тие се доста ниски и се едни од пониските прагови во регионот: заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија и/или заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги во Република Македонија, го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност, или пазарниот удел на еден од учесниците изнесува повеќе од 40% или вкупниот пазарен удел на учесниците во концентрацијата на пазарот изнесува повеќе од 60% во годината што и претходи на концентрацијата.[186]

Во однос на примената на Законот за заштита на конкуренцијата, повторно е комплетно превземен пристапот на Европската Унија, со што во член 3 е потенцирано дека: "Овој закон се применува на облиците на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата што произведуваат дејство на територијата на Република Македонија, дури и кога тие произлегуваат од акти и дејствија сторени или преземени надвор од територијата на Република Македонија". Со тоа, може да се заклучи дека единствен услов и критериум за тоа кои концентрации подлежат на системот на контрола на РМ претставуваат гореспоменатите прагови образложени во законот за заштита на конкуренцијата. Во однос на ова прашање треба се наведе дека во одредени сектори постојат и дополнителни секторски правила кои треба да се почитуваат:

-за превземање на контрола над одреден пакет на акции од одредена банка потребна е дозвола на НБРМ[187];

- за превземање на контрола над одреден пакет на акции од одредена осигурителна компанија потребна е дозвола на Агенцијата за супервизија на осигурувањето[188];

- за превземање на контрола над одреден пакет на акции од инвестициски фонд потребна е дозвола на Комисијата за хартии од вредност[189];

- за превземање на контрола над одреден пакет на акции од доброволен пензиски фонд потребна е дозвола на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување[190];

- за превземање на сопственоста врз комуникациски мрежи од страна на оператори со значителна пазарна моќ на одреден релевантен пазар, сите лица кои поседуваат повеќе од 10% од

[184] http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:52008XC0416(08 ,02.09.2015
[185] Комисија за заштита на конкуренција на РМ, "*Насоки за поимот концентрација* ", 2012 г.,стр.5
[186] Член 14 од Законот за заштита на конкуренцијата на РМ
[187] Член 57 и Член 17 од Закон за банките (Сл.Весник на Р.Македонија бр.67 од 01.06.2007 г.)
[188] Член 66 од Законот за супервизија на осигурување ( "Сл. весник на Р Македонија" бр.27 од 25.04.2002)
[189] Член 13 и 14 од Закон за инвестициони фондови(Сл.Весник на РМ бр. 12 од 28.01.2009 година)
[190]Член 44 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 7 од 15.01.2008 година)иистотака овој закон содржи одредби со кои се регулира спојувањето на доброволните пензиски фондови

уделите или акциите во фирмите кои се оператори со значителна пазарна моќ на определен релевантен пазар (принципали), како и фирмите основани од операторите со значителна пазарна моќ на релевантен пазар, не можат да се здобиваат со сопственост на комуникациски мрежи со кои се намалува конкуренцијата на одреден релевантен пазар и се ограничува изборот на корисниците во однос на определена комуникациска услуга без согласност на Агенцијата за електронски комуникации;[191]

-за превземање на контрола врз компанија која е носител на право на концесија потребна е дозвола од страна на давателот на концесијата[192];

Од наведеното може да се увиди дека концентрациите во одредени сектори наложуваат посебен третман и внимание со оглед на карктеристичната дејност, со што постои совпаѓање на надлежноста на Комисијата за заштита на конкуренцијата (како надлежно тело за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата) и телото кое е задолжено за регулација на определен сектор, како што е Агенцијата за електронски комуникации или Комисијата за хартии од вредност.

Од аспект на спецификите на одредени дејности и деловни активности значајни се и исклучоците кои не наложуваат ваков вид на регулација поради самата природа на стекнатата контрола која не е трајна и не е насочена кон влијание на конкурентското однесување на одредено претпријатие на пазарот. Така, за концентрација на претпријатија не се смета кога: банки, штедилници и други финансиски институции или друштва за осигурување чии редовни активности опфаќаат правни работи и тргување со хартии од вредност, привремено стекнуваат хартии од вредност со намера тие повторно да се продадат во рок од една година од моментот на нивното стекнување и доколку гласачките права од тие хартии од вредност не се вршат со намера да се влијае на конкурентското однесување на претпријатието на пазарот; доколку контролата се врши од страна на застапник на друштво во стечајна постапка или во постапка на ликвидација, односно кај претпријатија основани надвор од Република Македонија, лица кои ја вршат соодветната функција согласно со законодавството според кое е основано претпријатието;и инвестиционите фондови кои стекнуваат капитален интерес во претпријатија, подуслов тие да ги вршат стекнатите права единствено со цел да се задржи полната вредност на нивното вложување и доколку не се врши влијание на конкурентското однесување на претпријатијата на пазарот[193].

**3.ЗАКЛУЧОК**

Анализата на законската и инстутуционалната поставеност на регулацијата на пазарните концентрации на компаниите во Република Македонија покажува дека таа ги има имплементирано најважните аспекти на правото на ЕУ од оваа област како дел од процесот на европска интеграција. Меѓутоа, подлабоката анализа на самото функционирање на овој систем покажа дека постојат доста слабости кои се заканувaат да ја сведат имплементацијата на стандардите од оваа област само на еден технички процес на копирање на правото на Европската Унија, без суштински активности за негова фактичка примена. Постапката за оцена на пазарните концентрации претставува управна постапка која се одвива според одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за општата управна постапка.[194] Со тоа, решенијата со кои Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучува во оваа постапка подлежат на контрола на Управниот суд на РМ.[195] Ваквиот систем е сличен со оној на ЕУ, каде решенијата донесени во административната постапка на Европската Комисија подлежат на контрола на Судовите на Европската Унија.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Агенција за електронски комуникации на РМ, “*Извештај за развој на пазарот за електронски комуникации во четвртиот квартал од 2014 година”*
[2] Baldanza A. F,. O'Connor D, Kutty S. P., “*The Efficiencies Defence Saves the Superior Propane/ICG Merger (for now)”,* Fasken Martineau's Competition & Marketing Law Bulletin, декември,2000 год;
[3] Bellis J.-F,. Elliott P ,. Van Acker J, “*The Current State of the EU Merger Control System: Ten Areas Where Improvements Can Be Made”*2012г;

[191] Член 83 од Законот за електронски комуникации(Сл.Весник на РМ бр.39/2014 год.)
[192] Член 42 од Законот за концесии и јавно-приватно партнерство (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.6/2012 год.)
[193] Став 5, член 12 од Законот за заштита на конкуренцијата
[194] Член 47 од Законот за заштита на конкуренцијата на РМ
[195] Член 53 од Законот за заштита на конкуренцијата на РМ

[4] Berger A. N. Cummins J. D.,. Weiss M. A . Zi H., "*Conglomeration Versus Strategic Focus: Evidence from the Insurance Industry"*, 2000год.;
[5] Brown M.Meredith, Ferrara C.R., Bird S.P., Kubek W.G., Regner D.W., "*Takeovers-A Stratigic Guide to Mergers and Acquisitions, Second Edition"*, 2004 год.;
[6] Gaughan P.A., , *"Mergers, Acquisitions,and Corporate Restructionings"*, (John Wiley & Sons, Inc.) 2007 год.;
[7] Damien G.,. Layne-Farrar A, Petit N., "*EU Competition Law and Economics"* 2012г.;
[8] Европска Комисија," *Работен документ на службите на комисијата- Извештај за напредокот на Република Македонија 2014 во прилог на Соопитението на Комисијата до Европскиот Парламент,Советот, Економско-Социјалниот Комитет и Комитетот на Регионите" Стратегија за проширување и главни предизвици 2014 – 2015*
[9] Europska Komisija,"*BIJELA KNJIGA-Prema učinkovitijoj kontroli koncentracija u EU-u"* 2014 год.;
[10] Kaczorowska, A.,"*European Union law"*-Sec.edition, 2011 година;
[11] Kirkwood J, "*The Fundamental Goal of Antitrust: Protecting Consumers, Not Increasing Efficiency"*, 84 NOTRE DAME L. REV.;
[12] Kovacic W. E. Mavroidis, P. C , Neven D. J., "*Merger control procedures and institutions: A comparison of the EU and US practice"*2014 г.;
[13] Kokoris I., "*Merger Control in Europe"*, Routledge Research in Competition Law, 2011;
*[14]*Комисија за заштита на конкуренцијата, *"Годишен извештај за 2014 г*"., *"Годишен извештај за 2013 г*" *"Годишен извештај за 2012 г*" *"Годишен извештај за 2011 г*", *"Годишен извештај за 2010", "Годишен извештај за 2009 г.","Годишен извештај за 2008", "Годиешенизвештај за 2007", "Годишен извештај за 2006", "Годишен извештај за 2005", "Годишен извештај за 2004", "Годишен ивештај за 2003","Годишен извештај за 2002";*
[15] Lianos I, "*Some Reflections on the Question of the Goals of EU Competition Law"*, 2013 година;
[16] Leddy M., Cook C., Abbel J.,Éclair-Heath G. "*Transatlantic Merger Control: The Courts and the Agencies"*2010 г.
[17] Македонски центар за европско образование, "*Има ли РМ политика за заштита на конкуренцијата?"*, 2014г.;
[18] Закон против ограничувања на конкуренцијата(Службен весник бр.80/1999, "Сл. весник на Р Македонија" бр. 29/02, Сл.Весник на Р.Македонија бр.37/2004)
[19] Закон за заштита на конкуренцијата( Службен весник на РМ,, бр.04/05, Службен весник на РМ бр.70/06,Сл. Весник бр.22 / 2007)
[20] Закон за заштита на конкуренцијата(Службен весник145/2010, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.136 од 03.10.2011 година, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.41 од 27.02.2014 година)
[21] Уредба за формата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето ( Службен весник на РМ, бр. 44/12)